Бранислав Саркањац

ДОБРИ УЧИЛИШТА ИЛИ BRAIN DRAIN MACEDONIA 21

Уште еднаш власта во Македонија покажува дека е неинвентивна, неспремна да учи, некадарна за преиспитување на општите обрасци на современата општествено-политичка управувачка (goverace). Таа се уште не го поставила соодветно прашањето каква и која реформа? Таа се уште се приклонува кон наједноставните макроекономски решенија на чистење со метла карактеристични за првата генерација реформи. Нема расчистено со крупни прашања како, на пример, што е всушност структурно приспособување?

Арбитрарната одлука да се укине целодневната настава во основните училишта во Македонија ја потврдува неупатеноста на власта во посовремени, посуптилни, посмели и далековиди реформски решенија.

Нема потреба да се зборува за економската оправданост на ваквата одлука, за законската издржаност, социјалната и моралната корист од неа. Зашто, ништо од сето тоа нема. Само ќе укажам колку се доцни и колку зад таа одлука стојат погрешно конципирани реформските политики.

За доцнењето:

Ние длабоко сме во заглавени во првата генерација реформи. Ангажманите на Тео Вајгел и Владимир Глигоров највидливо го покажуваат ова. Првата генерација реформи се макроекономски реформи со елементите стабилизација, либерализација, приватизација (заради ноторното макроекономско приспособување). И тие освен на ова ниво не одат подалеку. Првата генерација реформи цели кон намалување на јавните трошоци и поттикнување на приватниот сектор. Акцентот се става на парите, економијата и пазарот. Мерките карактеристични за овие реформи ни се познати: кастрење на буџет (на државата), на јавните трошоци, приватизација, намалување на јавниот сектор.

Меѓутоа, она што е веќе искуство во други земји е тоа дека пазарот не може да игра сеопфатна регулирачка функција и дека намалувањето на трошоците со намалување на администрацијата е недоволно за да се подобри јавниот сервис. Укинувањето на целодневната настава во основните училишта во Македонија ниту ќе го подобри образовниот систем ниту пак ќе ги регулира финансирањето и менаџирањето на училиштата.

Денес во многу држави во светот се преминува на третата генерација реформи - од макроекономски политики се преминува на секторски политики. Се работи за тоа да се имаат конкретни политики на микроекономски и на социјален план. По правило третата генерација реформи бара јавниот сектор стварно да му служи на јавниот интерес. Овие реформи се ориентирани кон резултатите и кон подобрување на квалитетот на услугите - се инвестира токму во тоа: во

подобрување на услугите. Јасно, ние во Македонија уште долго ќе ги чекаме третата генерација реформи. Впрочем, кај нас не се зборува за квалитетот на услугите во образованието, туку за укинување на тие услуги!

Накусо за погрешните конципирања:

Структурното приспособување во Македонија е круто дефинирано. Кого да прашате во власта ќе ви каже дека тоа ги опфаќа политиките за постигнување економска стабилност. Клучни зборови се: приватизација, маркетизација и дерегулација. Целите се: фискална стабилност, намалување на јавни придонеси, намалување на финансирањето на здравството и образованието.

Но (едно големо но!), како што објаснуваат поголем број еминентни аналитичари, и не мора да биде така. Државите "успешни приказни" од Европа и Азија кога зборуваат за структурно приспособување мислат на зголемување на извозот, намалување на домашната побарувачка, ограничувања на трошоците на државата, многу внимателна и ограничена приватизација и, она што треба да се акцентира, мислат на сериозни и долгорочни инвестирања во образованието. Јужна Кореа е најновиот светски пример со програмата Brai Korea 21, која има за цел најдобрите универзитети во Кореа да се подредат меѓу првите 100 во светот и за таа цел одат 20 (дваесет) проценти од државниот буџет!

Кои се главните белези на структурното приспособување во Македонија? Многу несмасна приватизација, никаква извозна ориентација и срамно никакво инвестирање во образованието. И сето тоа во полза на еден грабачки капитализам, на еден вулгарен либерализам.

Дали конечно ќе се свртиме кон образованието, како главен предуслов за реформа и развој или ќе заглавиме во илузијата за семоќноста и доволноста на приватизацијата и либерализацијата?

Тешко, се додека ги тераме вака политиките.

Се додека ја имаме оваа fuzzy политика, се додека е политиката како сива зона, во која многу работи се недефинирани и неразбрани, се додека власта си дава за право да носи неаргументирани одлуки, и како држава и како луѓе ќе стоиме во место или ќе тонеме. Fuzzy политика - тоа е збркана политика каде политичарите (на власт) своите ставови ги менуваат од ден во ден во зависност од тоа каква е, според нив, политичката ситуација, каков е односот на силите меѓу главните партии, што сметаат дека е актуелно и од личен или партиски интерес (по правило краткорочен). Fuzzy политиката ја карактеризира огромен недостиг на конзистентна политика на програми и проекти. Fuzzy политиката е тивок убиец на македонскиот граѓанин кој сака да живее нормално и мирно, а не на железничка станица или на кванташки пазар.

Што да се прави?

Да се инвестира во образованието. Brain Macedoia 21!
И како што бара големиот проект во Англија Urban Task Force за да се живее добро во урбаните средини треба да се имаат три едноставни работи: добри школи, силна локална економија и чувство за социјалните аспекти на секоја политика.